# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 16/2022
## 15.09.2022 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино во деновите 21,22 и 23 септември 2022 година ( за време на Неготинскиот панаѓур 2022 )**

Се објавува **Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино во деновите 21,22 и 23 септември 2022 година ( за време на Неготинскиот панаѓур 2022 )** , што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **15.09.2022** година.

**Бр.09- 687/1**
**15.09.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност ( „Службен весник на РМ” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на РСМ “ бр. 31/20) и член 79 став 1 точка 43 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 6/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **15.09.2022** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино во деновите 21,22 и 23 септември 2022 година**
**( за време на Неготинскиот панаѓур 2022 )**

**Член 1**

Работното време на угостителските објекти на територијата на општина Неготино се продолжува за два часа односно угостителските објекти може да работат од **07:00 до 02:00** часот наредниот ден во деновите **21, 22 и 23 септември 2022 година за време на Неготинскиот панаѓур.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр. 08-682/3-1**
**15.09.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за определување на висината на надоместок за користење на плоштад во општина Неготино за поставување на маси на ден 18.09.2022 година за Неготинска музичка вечер 2022 година**

Се објавува **Одлука за определување на висината на надоместок за користење на плоштад во општина Неготино за поставување на маси на ден 18.09.2022 година за Неготинска музичка вечер 2022 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **15.09.2022** година.

**Бр.09-687/2**
**15.09.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ” бр.5/02 ) и член 79 став 1 точка 46 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 6/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **15.09.2022** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за определување на висината на надоместок за користење на плоштад во општина Неготино за поставување на маси на ден 18.09.2022 година за Неготинска музичка вечер 2022 година**

**Член 1**

Се определува висина на надоместокот за користење на плоштад во општина Неготино за поставување на маси на ден **18.09.2022** година за **Неготинска музичка вечер 2022 година** во износ од **600,оо денари** за поставена поединечна висока маса ( коњопој ).

**Член 2**

Доделувањето на локациите за поставување на масите од член 1 од оваа одлука се врши во просториите во општина Неготино врз основа на претходен договор помеѓу заинтересираните сопственици на угостителските објекти.

Сопствениците на угостителските објекти поднесуваат барање до Општина Неготино во кое го наведуваат бројот на маси кои ќе ги поставаат.

Општина Неготино по поднесените барања издава одобрение за поставување на масите по број и локација како и пресметка за износот кој што треба да биде платен.

**Член 3**

Општина Неготино се откажува од правото за наплата на износот од користење на градскиот плоштад за ден **18.09.2022** година во корист на донаторска сметка **200003894558043 Јани Иванов** .

Угостителските субјекти се должни износот определен во пресметката од член 2 од оваа одлука да го уплатат на донаторска сметка број **200003894558043 Јани Иванов** најдоцна до **20.09.2022** година и да доставaт уплатница како доказ до Општина Неготино ( одделение за финансии и буџет ).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр. 08-682/4**
**15.09.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

**СОДРЖИНА**

**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 16/2022**

1. Заклучок за објавување на **Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино во деновите 21,22 и 23 септември 2022 година ( за време на Неготинскиот панаѓур 2022 )на угостителските објекти во општина Неготино во деновите 21,22 и 23 септември 2022 година ( за време на Неготинскиот панаѓур 2022 )**

2. **Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Неготино во деновите 21,22 и 23 септември 2022 година ( за време на Неготинскиот панаѓур 2022 )**

3. Заклучок за објавување на **Одлука за определување на висината на надоместок за користење на плоштад во општина Неготино за поставување на маси на ден 18.09.2022 година за Неготинска музичка вечер 2022 година**

4. **Одлука за определување на висината на надоместок за користење на плоштад во општина Неготино за поставување на маси на ден 18.09.2022 година за Неготинска музичка вечер 2022 година**